# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**03.10.2013 год.** **Бр.VIII**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акт̄ит̄е донесени на осмат̄а седница на Совет̄от̄ на Оп̄шт̄ина Крушево одржана на ден 03.10.2013 ḡод.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на осмата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 03.10.2013 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-794/1 од 03.10.2013 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на осмата седница, одржана на 03.10.2013 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од седмата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 19.09.2013 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.07-786/3 од 03.10.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа нас член 22а од Законот за спорт („Сл. весник на РМ„ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 8/11 и 64/12) , член 22 став 1 точка 6; член 36 став 1 точка 8 и 15 од Законот за Локалана самоуправ („Сл. весник на РМ „ 5/02) и член 18 став 1 точка 6 и 13, член 22 став 1 точка 8 и 50 од Статутот на Општина Крушево ( „Службен гласник на општина Крушево„ бр. 1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 03.010.2013 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013-2014 год.**

ВОВЕД

Крушево претставува културно историско гратче во кое има доволно природни услови за развој на туризмот како стопанска гранка, но за тоа потребно е да се обезбедат услови кои ке овозможат на граѓаните и туристите да ги користат сите убавини и услови кои ги дала природата.

Локалната самоуправа е степен на власта преку која граѓаните поблиску ги задоволуваат своите потреби и интереси во секојдневниот живот. За успешно остварување на своите права и интереси, локалната самоуправа потребно е и должна е да обезбеди услови за тоа, со креирање на соодветни политики.

Општина Крушево ги следи потребите за развој на спортот и рекреацијата на граѓаните и се труди да овозможи развој како на врвниот, така и на масовниот спорт и рекреативните активности, организирање на спортски приредби, натпревари и манифестации, изградба и одржување на спортски објекти, поддршка на спортските клубови и сојузи во остварување на нивните цели и приоритети.

Во правец на развој на спортот ви оптина Крушево за 2013-2014 година се носи и оваа Програма во која е опишана спортската инфраструктура , спортските клубови кои што егзистираат во општината и активности кои се предвидуваат за развој на спортот во оваа и наредната година.

Секако дека утврден е и приоритет на активности за развој на спортот кои претставуваат општ, општествен и јавен интерес со:
- Поттикнување на спортски активности
- Организирање и спроведување на спортски тренинзи и натпревари
- Поддршка на спортските клубови и спортски сојузи
- Изградба и реконструкција на постојните спортски објекти и спортска инфраструктура.

1. СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА:

1.1 Постоечки спортски објекти и терени

- 2 фудбалски стадиони- финално

- Спортска сала-(финално)

- Спортски терени за мал фудбал,тенис и друго- (делумно)

- Скијачки патеки за алпско скијање-(делумно)

- Патеки и стрелиште за нордискоскијање и биатлон - (делумно)

- Патека за параглајдинг - (делумно)

- Патека за крос и рекреација околу езерото - (финално)

1.2 Изградба на нови спортски објекти односно доградба на започнатите

- Спортска сала по сите стандарди

-Корекција на скијачките патеки и изградба на систем за вештачки снег вклучително и осветлување на скојачката патека„Долче„и скијачката патека„Станич„.

- Нова ски патека во непосредна близина на манастирот Св. Преображение

- Доизградба на нордискиот центар Кипрово за нордиско скијање и биатлон

- Доизградба на Нордиски центар на м.в. „Станич” Крушево;

- Доекипирање на патеката за параглајдинг со потребна инфраструктура

- Заокружување на спортскиот центар Гумење со корекција на постојните и изградба на нови игралишта за рекреативни спортови

За успешно реализирање на овие активности , поради лошата кондиција на спортските објекти и спортската инфраструктура,заради лошото стопанисување и негрижа предлагаме:
Основање на ЈП за Спортски објекти на ниво на Општина Крушево кое ќе води грижа за спортската инфраструктура и ќе вработи по едно одговорно лице по спортови или по спортските објекти кое ќе се грижи за одржувањето и организацијата на самите објекти и патеки.

Секако тука треба да се размислува започнатите проекти да бидат довршени, а за новите да се најде финансирање преку Јавно-приватно партнерство, приватни инвеститори и секако преку буџетот на државата и општината.

Во постојниот ски центар Станич треба да се уреди инфраструктурата и земјиштето, да се обезбеди со инсталации за вештачко заснежување заради продолжување на скијачката сезона, како и осветлување на постојните скијачки патеки со цел овозможување на ноќно скијање, активност која ја финасира АД МЕПСО и изградба на угостителски објекти на самите терени со цел задоволување на нараснатите потреби на посетителите.

Сонот на Крушевчани за Мусица како ски центар треба да го започнеме етапно со поставување на жичарница и уредување на патеката во близина на Манастирот Св. Преображение каде ги имаме сите неопходни услови (струја,вода,пат и сместувачки капацитет) за потоа од таму полесно да се освојат, изградат и поврзат и останатите патеки спрема Мусица.

Ние треба да бидеме горди на врвната патека за параглајдинг на која се одржуваат натпревари од Светскиот куп и неопходно е да се заокружи потребната инфраструктура на таа патека.

Крушево има одлични услови и огромна традиција во нордиските спортови и сметаме дека започнатиот нордиски центар Кипрово треба да се заокружи и финализира неговата изградба на стрелиштето и патеките, за таа цел аплицирано е со проект до ЕЛЕМ за одобрување на финансиски средства или да се бара финансиска поддршка од Агенцијата за Млади и Спорт .

Конфигурацијата на теренот околу Крушево дозволува да се маркираат и уредат повеќе патеки за крос, планински велосипедизам, спортско ориентирање, рекреација, планинарење и други активности,

никако не треба да ја заборавиме нашата традиција во спортскиот лов, спортскиот риболов кои треба да бидат во нашата понуда.

## 2. СПОРТОВИ КОИ ЕГЗИСТИРААТ ВО КРУШЕВО И СПОРТСКИ КЛУБОВИ:

- Фудбал - ФК Питу Гули (делумно активен)

- Одбојка - ОК Синалко (активен)

- Одбојка - ОК Голдтекс (женска екипа)

-Нордиско скијање и биатлон - КБНД Олимпик Ски (активен)и КНСБ Мусица(активен)

- Алпско скијање- СК Мечкин Камен и СК Илинден 1903 (неактивен)

- Пинг понгарски клуб Крушево - Крушево (активен)

- Кошарка - (спортска школа)

- Фудбал - (спортска школа)

- Боречки спортови- ( неактивни)

- СРК Мрена -спортско риболовен клуб - концесионер на вештачкото езеро (активен)

- Сноуборд - почетна инцијатива за формирање на спортски клуб.

Најважно за почеток е да се направи анализа на моменталната ситуација со клубовите, интересот кај младите за тие спортови, тренерскиот потенцијал и секако финансирањето на тие клубови.

Затоа треба да се активираат стручните кадри кои дале и даваат свој придонес во спортот во Крушево преку формирање на стручно тело, кое ќе има за задача одблиску да ја надгледува состојбата во спортот, да предлага решенија за напредок или надминување на проблемите кои се јавуваат во спортот, а со непосредна соработка со општината ќе нуди решенија, концепти, сратегии и поддршка на клубовите, ќе изготвува програми за развој на спортот, категоризација на спортовите по квалитет, постигнати резултати и активности кои ке ги предлага на Општината, а според таа категоризација клубовите ќе добиваат финансиска поддршка од буџетот за спорт на Општина Крушево.

За успешно заздравување на спортот и спортските клубови ке треба да се обезбеди поголем буџет од Општината и секако финансиска поддршка да се побара од државата и евентуалните спонзори.

## 3. ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА КРУШЕВО ПРЕКУ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ:

Секако дека организацијата на домашни и меѓународни натпревари на територијата на Општина Крушево е од големо значење, бидејки се прави директна промоција на нашиот град на учесниците на самите натпревари, а преку медиумите и на пошироката јавност, па оттука никако не треба да се занемарат економскиот и другите бенефити од промоцијата и понудата на нашиот туризам.

Тука посебно треба да се истакнат и да се поддржат Светските купови во параглајдинг, меѓународните натпревари во нордиско скијање и биатлон, балканските првенства во спортско ориентирање, домашните натпревари во фудбал,одбојка и други натпревари.

## 4. ОПШТЕСТВЕНИ И СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИТИ ОД СПОРТОТ ВО ОПШТИНА КРУШЕВО:

Заради лошата финансиска кондиција повекето наши клубови пропаднаа, нашите деца немаат можност да спортуваат, а со тоа многу лесно се приклонуваат на разни пороци на денешното време: алкохолот, цигарите и разни други пороци кои допринесуваат кај нашата младина да се јавуваат разни девијантни појави, деформитети од најрана возраст, немање на работни навики и најчесто агресивност и нетолерантност кон средината, постарите и своите врсници.

Вракајки го спортот на младите и нивен ангажман ке допринесе за драстично намалување на овие несакани појави, за социјализација во средината во која живеат, за стекнување на работни навики преку кои овие млади спортисти ќе се изградат во здрави личности кои ке го дадат својот придонес преку спортот и општественото делување.

Секако дека многу важен е здравствениот бенефит од бавењето со спорт на младите луѓе, подобрувањето на здравјето кај овие лица, правилниот раст и развој се можеби најважните придобивки од спортот.

Општина Крушево треба да воспостави систем за стимулирање на младите луѓе да се бават со спорт со вреднување на резултатите на истакнатите спортисти и спортски работници, затоа преку спортскиот совет треба да ги следи сите постигнувања на нашите спортисти, да ги стимулира најдобрите со

награда или стипендија,да организира и прогласува спортист и спортски работник на годината,да воспостави награда на општина Крушево по повод некој наш важен ден за оние кои посебно ке се истакнат во спортот, културата и општественото живеење.

5. СПОРТОТ ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА КРУШЕВО:

Крушево со својата местоположба и надморска висина е идеално место за подготовка на спортистите од сите спортови, затоа ние треба да се потрудиме да ја подобриме нашата спортска инфраструктура, да направиме промоција на Спортскиот туризам и секако покана до спортистите и спортските екипи да дојдат кај нас на подготовки.

Спортската инфраструктура треба да се унапредува и одржува во најдобра кондиција од страна на општинското ЈП за спортски објекти, да се изработуваат и да се аплицира со проекти за одржување на спортските капацитети и изградба на нови за сите спортови за кои има услови во нашата општина.

Со заедничка поддршка од општината, хотелиерите, туристичките работници, а во координација со спортскиот совет треба да се подготват најдобри услови за подготовки на спортистите и сето тоа да се спакува во добра понуда која преку разни кампањи ке се промовира и ке привлече што поголем број на заинтересирани екипи да ги реализираат дел од своите подготовки во нашето Крушево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник” на Општина Крушево.

**Бр.07-786/4 од 03.10.2013 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на осмата седница на Советот на Општина Крушево ............................................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од седмата седница на Советот на Општина Крушев................................................................. 1
3. Програма за развој на Спортот во Општина Крушево за 2013-2014 година......... 1

Редакциски одбор на Општина Крушево.